Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**



Врз основа на член 55 став 1 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и согласно со потпишаната Политиката за интегритет на Министерството за јавна администрација бр.: 16-3011/1 од 25.12.2024 година, Министерот за јавна администрација донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за управување со судирот на интереси и дополнителен ангажман на административните службеници

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува управувањето со судирот на интереси и дополнителен ангажман на лицата вработени во Министерството за јавна администрација.

### Член 2

Овој Правилник се однесува на сите лица вработени во Министерството за јавна администрација (во натамошниот текст: Министерството):
-Министерот за јавна администрација
-Заменик -министерот за јавна администрација
-Државниот секретар
-Вработените службеници


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Неспоивост на функцијата со вршење на други дејности

Член 3

Министерот и заменикот на министерот за време на траењето на својот мандат се должни да ги почитуваат правилата за неспоивост на функцијата која ја вршат со други функции или дејности утврдени во Уставот или законите.

Министерот и заменикот на министерот за времетраењето на мандатот не можат да бидат членови во органи или тела кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија или соодветната единица на локална самоуправа.

Пријавување на имотна состојба и интереси

Член 4

Министерот и заменикот на министерот пријавуваат имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, како и било каква промена на имотната состојба и интереси, во рок и начин утврдени во Законот за спречување на корупцијата и спречување на судир на интереси.

Забрана за влијание за вработување на блиски лица

Член 5

Министерот, заменикот на министерот, државниот секретар, како и сите други вработени лица во Министерството не смеат да вршат влијание за вработување или унапредување на блиски лица во Министерството за јавна администрација.

II УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 6

Лицата од член 2 од овој Правилник при вршењето на работните задачи се должни да постапуваат стручно, совесно, чесно, одговорно и непристрасно со објективна примена на законите и другите прописи.

Судир на интереси претставува состојба (ситуација) во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Лицата од член 2 од овој Правилник се должни при вршењето на службените должности и одговорности, да водат сметка за појава на потенцијален судир или судир на интереси и се должни да преземаат соодветни мерки за негово избегнување.

Пријавување на судир на интереси

Член 7

Во случај да постои сомневање за судир на интереси лицата од член 2 од овој Правилник се должни со писмена изјава да го информираат непосредно претпоставениот и лицето за интегритет во Министерството, со образложение за сомневањето и опис на конкретната ситуација.

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, лицето за интегритет е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата со цел да се донесе соодветна и правно издржана одлука за понатамошно постапување.

Доколку Државната комисија за спречување на корупцијата по конкретно барање даде мислење дека постои судир на интереси/потенцијален судир на интереси, постапувањето продолжува со постапка за изземање на лицето засегнато во конкретниот случај.

Лицето за интегритет по добиеното мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, ги известува лицето кое пријавило сомневање за судир на интереси, неговиот непосредно претпоставен и Министерот.

Постапка за пријавување и изземање поради судир на интереси

Член 8

Во случај кога при вршење на работните задачи вработените лица од член 2 од овој Правилник треба да спроведуваат постапка, да донесат одлука или да вршат други работи каде увиделе дека тие или некои нивни блиски лица имаат приватен интерес, должни се да го прекинат своето постапување, со писмена изјава да го пријават постоењето на приватниот интерес и да бараат изземање во соодветната постапка.

Во секој останат случај кој отстапува од наведеното во став 1 од овој член лицата од член 2 од овој Правилник со писмена изјава го пријавуваат постоењето на приватниот интерес кај непосредно претпоставениот и лицето за интегритет и се должни да поднесат Барање за изземање.

Барањето од ставот (2) на овој член, преку архивата на министерството во хартиена форма се поднесува на пропишан образец, кој е даден во прилог и е составен дел на овој Правилник.

Одлука за изземање донесува Министерот врз основа на претходно добиено мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Еден примерок од одлуката за изземање се доставува до лицето кое побарало изземање и еден примерок се чува во конкретниот предмет.

## III ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН АНГАЖМАН

### Член 9

Лицата од член 2 на овој Правилник согласно член 44 став (6) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, може да остваруваат приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и од авторски права, патенти и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку уредено.

### Член 10

Во случај на дополнителен ангажман со кој се остварува приход, вработените лица се должни истото да го пријават до лицето за интегритет со доставување на известување за дополнителен ангажман.

Известувањето од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец, преку архивата на Министерството кој е даден во Прилог и е составен дел на овој Правилник.

Лицето за интегритет за овие ангажмани ги известува Државниот секретар и Министерот два пати годишно.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето и ќе биде објавен на веб страницата на Министерството за јавна администрација.

**МИНИСТЕР**
**Горан Минчев**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје-Shkup


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Прилог 1

**До Министерство за јавна администрација**

**Предмет:** Барање за изземање

**Врска:** Предмет бр.

Јас (име и презиме), на работно место ______________________________, согласно член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на РМ" бр. 12/2019), барам да бидам изземен/а од натамошното постапување/одлучување по предметот со број: ________ од ________ година, поради постоење на околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси.

Изземањето го барам поради следните причини:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

__________ година, Скопје

Барател

______________________

Име и презиме


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**

Прилог 2

Врз основа на член 75 став (2 ) од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на РМ" бр. 12/2019) Министерот за јавна администрација ја донесе следната

ОДЛУКА
За изземање

Барањето за изземање со бр.:___________ од ____________година, поднесено од ________________________________________ на работно место/функција: ____________________________________________________________ СЕ УВАЖУВА.

Лицето од став 1 на оваа одлука се ИЗЗЕМА од натамошно постапување/одлучување по предметот со бр.____________ од ___________година, од областа на ________________________________________________________.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за јавна администрација, од страна на __________________________________________ на работно место/функција ____________________________________________________________________ е доставено Барање за изземање со бр. ___________ од __________година.

Во барањето за изземање лицето од став 1 од диспозитивот на оваа одлука бара да биде изземено поради постоење околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси, од следните причини:
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

Министерството за јавна администрација доби мислење со бр.:_________ од ___________ година од Државната комисија за спречување на корупцијата во кое е утврдено дека наведените околности потврдуваат дека кај лицето од став 1 од


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

диспозитивот на оваа одлука постои приватен интерес кој може да го доведе во состојба на судир на интереси/потенцијален судир на интереси при вршењето на неговите јавни овластувања/службени должности и се основ за изземање на лицето од натамошно постапување/одлучување по предметот наведен во став 2 од диспозитивот на оваа одлука.

Поради горенаведеното, а согласно член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр. 12/2019), е одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

МИНИСТЕР
Горан Минчев


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Прилог 3

**До** ______________________________,
Лице за интегритет во Министерство за јавна администрација

**Предмет:** Известување за дополнителен ангажман

Од: (име и презиме) , на работно место ______________________________________

Почитуван/а,

Согласно член 10 од Правилникот за управување со судирот на интереси и дополнителен ангажман на административните службеници бр. _________ од _________година, Ве известувам дека имам дополнителен ангажман од кој остварувам дополнителни приходи:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

(Опис на ангажманот)

Ангажманот (ќе) се одвива во периодот: ________________________година.

Доколку Ви се потребни дополнителни информации, стојам на располагање.

_________________________

(потпис)

(име и презиме)


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk